# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 5 октомври 2024*

## БЛАГОСЛОВИТЕ НА САБОТНОТО БОГОСЛУЖЕНИЕ

**„Не изостанувајќи од собранијата како што некои имаат обичај, туку да се поучуваме еден друг, и тоа во толку повеќе, до колку гледате дека се приближува судниот ден“ (Евреите 10,25)**

Принесете му ги на Бога своите најдобри дарови во неговиот свет ден. Предајте му го драгоцениот дар - живот на својата душа - во посветена служба...

Секој би требало да чувствува должност да го даде својот удел за саботните состаноци да бидат што попривлечни. Не треба да се собирате само формално, туку за да размените мислења, да ги изнесете своите секојдневни искуства, да ја изразите својата благодарност и вашата искрена желба за божествено просветлување, за да го познаете Бога и Исуса Христа кого Тој го испратил. Разговарајќи меѓусебно за Христа, зајакнете ја својата душа за претстојните животни борби и искушенија. Никогаш немојте да мислите дека можете да бидете христијани и притоа да се повлечете во себе. Секој поединец е дел од човештвото и искуството на секој во голема мера зависи од искуството на неговите ближни.

Ние не го примаме ниту стотиот дел од благословите кои би требало да ги примиме на заедничките собирања кога го славиме Бога. Нашата моќ на забележување мора да се изостри. Кога имаме таква надеж, зошто нашите срца не се разведрени и исполнети со љубовта кон Бога?

Мора да настојуваме секој верски собир да биде оживеан со духовна свесност дека е присутен Бог и неговите ангели и дека тие соработуваат со вистинските верници. Влегувајќи во местото на богослужение, замолете го Господа да го отстрани секое зло од вашето срце. Донесете го во неговиот храм само она што Бог може да го благослови.

Клекнете пред Бога во неговиот храм и посветете му се како негова своина, откупена со Христовата крв. Молете се за говорникот и

за оној што го води собирот. Молете се преку оној што ги изнесува зборовите на животот да дојде изобилен благослов. Трудете се сесрдно и тежнејте кон тоа и самите да примите благослов.

Бог ќе ги благослови сите оние кои се подготвуваат за неговата служба. Тие ќе разберат што значи да го имаат во себе Светиот Дух, затоа што со вера го примиле Христа.

Местото за богослужение може да биде многу скромно, но затоа Бог нема помалку да го цени. На оние што го слават Бога во духот и во вистината и во убавината на светоста, богослужението ќе биде како небесна порта. Собирот на верници може да биде малуброен, но тие се сепак драгоцени во Божјите очи. Пред моќната оштрица на вистината, тие се како необработени камења откршени од каменоломот на овој свет и донесени во Божјата ризница каде што треба да го минат процесот на делкање и обликување. Но дури и во својата необработена состојба, тие се драгоцени во Божјите очи. Во рацете на Оној кој е вешт, се наоѓа длетото, чеканот и пилата на искушенијата; Тој не се користи со тие средства за да ги уништи, туку за секоја душа да излезе совршена (*Сведоштва за црквата*, кн. 6, стр. 361-363).

*Сабота, 12 октомври 2024*

## КАКО ДА СЛУШАШ ПРОПОВЕД

Исус рекол **„Па затоа: пазете како слушате; зашто, кој има, ќе му се даде; а кој нема, ќе му се одземе и она што мисли дека го има“ (Лука 8,18).** Еве неколку напомени и упатства кои можат да ви помогнат во тоа додека слушате проповед, за од неа да можете да извлечете најголема полза и добивка за вашиот живот.

***1. Пристапете да слушате, не од љубопитност, туку од искрена желба да научите и да ја исполните својата должност.*** Грешиме кога во Божјиот дом доаѓаме со уши кои сакаат забава и со срца кои не се подготвени да се поправат. Тоа е мошне непријатно пред лицето на семоќниот Бог и мошне непристојна работа за нас самите.

***2. Внимателно слушајте што зборува од Божјата реч.*** Ако некој земен цар држи некој важен говор, од чие разбирање и извршување или неизвршување би зависел вашиот живот, колку тогаш внимателно би го слушале секој негов збор и заповед? Зар тогаш да не ја слушаме Речта на Царот над царевите и Господарот над господарите со истото внимание и почит, со која ни ја изнесуваат неговите гласници, кои зборуваат во негово име, како да добиеме проштавање, мир, сигурност и радост?

***3. Немојте да негувате ни најмала предрасуда кон проповедникот.*** Тоа била единствената причина поради која Исус Христос не можел да ги оствари своите моќни дела или да проповеда меѓу своите сограѓани. Ги навредувало да им зборува некој кого „толку добро го познаваат и 'читаат'". Затоа обрнете внимание и немојте да го презирате и да го отфрлате она што го кажува Светиот Дух преку својот слуга, кој се обраќа токму до вас и ви зборува токму вам, и сака да ве негува, исто како што пастирот го негува стадото.

Имајте на ум дека проповедниците и пастирите се луѓе како нас самите. Често мислиме дека не треба да слушаме учења од луѓе кои самите тоа учење не го научиле (или не живеат според него). Но тоа не е оправдата причина да го отфрлиме нивното учење, кое може да биде за нас од голема полза. Проповедниците не зборуваат во своето име, туку во Христово име. А ние знаеме кој му заповедал на народот да слуша и да извршува сѐ што ќе им кажат фарисеите и книжевниците, и тогаш кога самите тие покажуваат слабости и не го прават тоа (Видете Матеј 23,1-3).

***4. Бидете внимателни да не го ставате проповедникот на место кое му припаѓа само на Бога, односно да станете премногу зависни од некој проповедник или да мислите за него повеќе отколку што би требало.*** Да се вреднува еден проповедник повеќе од друг, често пати предизвикува лоши последици за целата црква. Тоа е стапица во која западнале христијаните од Коринт, и затоа Павле ги укорил да не велат: „Јас сум Павлов", „А јас сум Аполосов", „Јас сум на Кифа", „Јас, пак, Христов" (1. Коринќаните 1,12; 3,4-5). Зар не се сите проповедници Божји слуги испратени да им служат на оние кои треба да го наследат спасението? Зар поради овој факт

не би требало подеднакво да ги цениме нив и нивната работа?

***5. Секој изговорен збор применете го на своето срце - на себеси.*** Кога Господ зборувал со своите ученици во горната соба, за тоа дека еден од нив ќе го предаде, секој од нив во тој миг се запрашал во своето срце: „Господе, да не сум јас тој?" (Матеј 26,22)

Слично на тоа, кога проповедникот ќе уверува за некој грев или за избегнување на некоја должност, не треба да мислиме: „Ова сега го зборува токму за оној и оној!" Наместо тоа, тие зборови треба да ги свртиме кон самите нас и да се запрашаме: „Господе, да не сум јас таков?" Колку поголема полза ќе имаме од Божјата реч ако се гледаме самите себеси во вистинската светлина!

***6. Молете се на Господа пред, за време, и по секое богослужение.*** На тој начин ќе ја отворите вратата проповедникот да ја прими потребната сила, а вам ќе ви донесе поголема волја, и способности, Божјата реч да ја ставите на прво место, да ја слушате и да ја извршувате. Без сомнение, ова било забелешка која ја кажал апостол Павле, кога испратил порака до Ефеската црква да го застапува:

*„И за мене, та, кога ќе ја отворам устата да ми се даде слободно да ја соопштувам тајната на Евангелието, поради кое сум пратеник во окови, за да го проповедам смело, како што ми прилега" (Ефесјаните 6,19-20).* Според тоа, како што на Христа и на големиот апостол Павле му требале молитвите на народот на кој му служел, колку повеќе им требаат вашите молитви на проповедниците кои работат во Божјето дело.

*Сабота, 19 октомври 2024*

**СТРАВОПОЧИТ КОН БОЖЈИОТ ДОМ** (Елена Вајт)

**„Саботите Мои пазете ги и почитувајте го она што Ми е свето. Јас сум Господ" (3. Мојсеева 19,30).**

Бог е возвишен и свет; а во Неговиот дом на Земјата, место на кое Неговиот народ се собира на богослужение, треба да биде како

пред вратата на Небото! Песните на хвала, зборовите што ги изговараат Господовите проповедници, се средства кои Бог ги одредил да го приготват народот за црквата на небото, за повозвишено богослужение (YI, 8. октомври 1896).

Кога верниците ќе дојдат на местото на богослужение, треба тоа да го направат достоинствено, тивко да дојдат до своите места... Вообичаените разговори, шепотењата и смеењето не би требало да ги има во молитвениот дом, ни пред ни по богослужението. Верниците треба да ги краси сесрдна, делотворна побожност.

Ако некои мора да причекаат неколку минути до почетокот на богослужението, нека го задржат вистинскиот дух на побожност во тивко размислување, воздигнувајќи ги своите срца кон Бога во молитва, за богослужението да биде на благослов на нивното срце и да доведе до осведочување и обратување на други души. Треба да имаат на ум дека се небесни гласници во молитвениот дом. Сите многу губиме од радосната заедница со Бога со својот немир, со своето непочитување на миговите на размислување и молитва...

Воздигнете ги христијанските мерила во умот на своите деца, помогнете им да го вткаат Исуса во своето искуство; учете ги да имаат најголема почит кон Божјиот дом и да сфатат дека, кога влегуваат во Господовиот дом, треба да бидат кротки и со понизно срце, со мисли како што се овие: „Бог е овде, ова е Негов дом! Мора да имам чисти мисли и најсвети побуди. ... Ова е место на кое Бог се сретнува со својот народ и му го дава својот благослов!“...

Родителите мора не само да ги учат своите деца, туку и да им заповедаат дека во Божјиот дом треба да влегуваат со сериозност и почит (5T, стр. 492—496).

Вежбајте се во почитта сè додека таа не стане дел од вашето битие (YI, 8. септември 1896.).

*Сабота, 26 октомври 2024*

## УЧЕСНИК А НЕ НАБЉУДУВАЧ

На разни претстави и натпревари постојат учесници и гледачи - набљудувачи кои главно се пасивни. Тие гледаат, навиваат, аплаудираат, некогаш негодуваат. Тука се за да се опуштат, забавуваат или навиваат за своите миленици.

Дали е така и на богослужението? Дали само оние кои имаат некоја служба се учесници, а сите останати набљудувачи? Некои изгледа мислат дека е така. Ние мораме да имаме повисока цел: да го прославиме Создателот, да ја проучуваме Неговата реч, да го зајакнеме заедништвото со Бога и браќата и сестрите во верата, духовно да закрепнеме.

Сево ова ја бара нашата присутност не само со телото, туку и со умот и духот, полна концентрација и желба да придонесеме за успех на богослужението. Бог треба да биде центар на сите наши активности, бидејќи е достоен за тоа. Апостол Павле вели: „Ве молам браќа, заради Божјата милост, да ги принесете своите тела во жртва жива, света, угодна на Бога, тоа да биде ваша разумна служба" (Римјаните 12,1). На богослужението Бог бара потполно да му се предадеме. Секогаш кога ќе се направи тоа, ќе се искуси духовно освежување, радост и задоволство.

Да се концентрираме на проучувањето. Да бараме одредени текстови во Библијата. Да не им дозволиме на своите мисли да талкаат. Да не дозволиме нешто да ги сврти од светото на световното. Да пееме најдобро што можеме, од срце, со разбирање. Да учествуваме во молитвата и благодарноста, а особено во проучување на поуката. Да дадеме свој полн придонес на целокупното богослужение. Да бидеме учесници, а не набљудувачи!

**„Сите кои со откриено лице ја гледаме Господовата слава, се преобразуваме во исто обличје од слава во слава, како од Духот Господов" (2. Коринќаните 3,18).**

*Сабота, 2 ноември 2024*

## ПРАЗЕН ИЛИ ИСПОЛНЕТ

**„Блажен е оној кого го избра и го зеде при Себе: тој живее во твоите дворови. Да се наситиме со благата на Твојот дом и со светоста на Твојот Храм“ (Псалм 654).**

Дали од богослужението се враќаш празен или исполнет со нова духовна сила?

Псалмистот вели: „Ќе се наситиме со благата на Твојот дом. Нека ви оживее срцето на сите кои Го барате Бога“.

„Ќе ја благословувам нејзината храна, ќе ѝ ги нахранам бедните со леб. Ќе ги облечам во спасение нејзините свештеници, нејзините светии ќе восклинуваат радосно“ (Псалм 65,4; 69,32; 132,15.16)

Оној кој на богослужението искрено го бара Бога не може да се врати дома празен. Ако тоа сепак се случи, кој ќе биде виновен? Секогаш е виновен човечкиот фактор т.е. јас и ти. Ако дозволиме нашите мисли да талкаат кон нешто друго и не сфатиме дека нашето внимание мора да го насочиме и да го впрегнеме со сите свои сили да ги сфати пораките упатени од проповедалната, неповратно ќе пропуштиме да ја примиме поуката која ќе ни донесе духовна сила и ќе нѐ зајакне за секојдневните борби. Нашата душа треба да копнее да ги прими Божјите зборови и да се преиспитува себеси за нивната важност. Исус вели: „Блажени се гладните и жедните за правда, зашто ќе се наситат!“ (Матеј 5,6) „Најнапред барајте го Божјето царство и Неговата правда“ (Матеј 6,33). Потоа: „Гладните ги насити со блага, а богатите ги отпушти празни“ (Лука 1,53)

Ние денес боледуваме од лаодикејскиот синдром: „Богат сум и се збогатив и не ми треба ништо“. Затоа, да се свртиме кон Господа со целото наше срце, со целата наша душа и сите наши сили да ги вложиме за да заминеме од ова место исполнети со божественото богатство кое блеска и ја растерува од нас темнината на гревот.

*Сабота, 9 ноември 2024*

## ВИСТИНСКА ПОБОЖНОСТ

**„И така, било да јадете, или да пиете, или нешто друго да правите, сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31).**

**„И сè што правите со збор или со дело, правете го во името на Господа Исуса Христа, благодарејќи Му преку Него на Бога и Отецот!... И сè што правите, правете го од душата, како за Господ, а не за луѓе“ (Колошаните 3,17-23).**

**„Зашто никој од нас не живее за себе и никој не умира за себе; туку, било да живееме или да умираме, за Господ живееме и за Господ умираме, - ние Му припаѓаме на Господ. Според тоа - живееме ли, умираме ли - Господови сме“ (Римјаните 14,7-8).**

Овие стихови од Светото писмо ни ја откриваат вистинската суштина на побожноста и посветеноста на Бога.

Побожноста е онаа состојба на срцето во кое сè – целиот наш живот, постоењето и сè што имаме – е постојана жртва на Бога. Вистинската побожност мора да биде највисока посветеност на волјата, која доминира над сè што сме и што го имаме – над нашето време, работите што ги извршуваме, мислите, зборовите и чувствата.

Побожноста е состојба на волјата во која нашиот ум, нашето срце „стоплено“ во Бога, е предмет на неговата возвишена љубов – во која ние не само што живееме и се движиме во Бога, туку и за Бога. Со други зборови, побожноста е онаа состојба на срцето кога сето внимание е пренасочено од нас, како и барањето на самите себе, кон Бога – нашите мисли, намери, желби, приврзаност и емоции зависат и му се посветени Нему.

Побожноста и вистинската религија се идентични.

**1. Невозможно е да не бидеме посветени на предметот на нашата возвишена љубов.** Ако го сакаме Бога со возвишена љубов, Тој тогаш ќе биде причина за нашето живеење. Ако некој го сака Бога со возвишена љубов, ќе биде свесен дека живее за Бога, како што е свесен дека воопшто живее!

**2. Сè што е помало од ова, за Бога не може да биде прифатливо.** Ако побожноста не стане навика или состојба на срцето, ако целото битие не е жртва на Бога, тогаш сигурно има конкурент во нашето срце.

**3. Напуштањето на таа состојба е отпаѓање на срцето.** Какво и да било надворешно однесување на човекот, оној миг кога ќе ја напушти вистинската побожност кон Бога – од возвишена посветеност на целото свое битие на Бога – тој во своето срце се откажал од христијанството. Тој повеќе не е во Господовата служба, туку служи на предметот кон кој срцето му е свртено. А тој предмет станал и предмет на неговата побожност и тоа сега е негов бог.

**4. Вистинскиот дух на побожност ќе ги претвори сите долготрајни грижи и сите маки што ве оптоваруваат во длабоко и константно заедништво со Бога.** Колку се поголеми и понеодложни нашите секојдневни обврски – ако ги извршуваме како за Бога – тогаш нашето заедништво со Бога ќе биде постојано. Зашто, што и да се направи во духот на побожноста, претставува заедништво со Бога.

**5. Единствената состојба на вистинската побожност дава душевен мир.** Ниту една друга состојба не е прифатлива. Ниту во една друга состојба духот нема да се усогласи. Во која била друга состојба освен вистинската посветеност на Бога, ќе постои внатрешен бунт и судир во самиот дух. Совеста го укорува срцето поради себичноста. Оттаму „нема мир за безбожниците, вели Господ“ (Исаија 48,22).

**6. Оној „Цврстиот по дух Ти го пазиш во совршен мир, зашто на Тебе се надева“ (Исаија 26,3) и во состојба е на постојана побожност.** Невозможно е таквото лице да нема мир, зашто вистинската побожност го подразбира и го вклучува мирот.

И сега драги брате или сестро, дали го имаш духот на побожност? Немој да ми одговориш: „Се надевам“, зашто ништо освен твојата свесна совест не би смеело да биде задоволителен одговор. Ако си посветен на Бога, тогаш ти тоа го знаеш, а ако не си свесен за својата посветеност на Бога, тогаш барај Бог да го отвори твоето срце и твојот ум за да ја примите и покажете правилната побожност.

**„Не лажете се: Бог не е за подигрување. Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее. Кој сее во телото свое, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во духот, од духот ќе пожнее вечен живот“ (Галатите 6,7-8).**

*Сабота, 16 ноември 2024*

## ПОНИЗНА, ИСТРАЈНА МОЛИТВА

**„Илија беше човек смртен, како и ние, и со молитва Му се помоли на Бога да нема дожд, и не падна дожд на земјата три години и шест месеци. И пак се помоли, па небото даде дожд и земјата го даде својот плод“ (Јаков 5,17.18).**

Ние имаме Бог чие уво не е затворено за нашите молби; и ако се повикаме на неговата Реч, Тој ќе ѝ одаде признание на нашата вера. Тој сака сите свои интереси да ги испреплетеме со неговите интереси и тогаш сигурно ќе нѐ благослови; а откако ќе го добиеме благословот; нема да си ја припишеме себеси славата, туку сета слава ќе му ја изразиме на Бога. Бог не ги исполнува нашите молитви првиот ден кога сме го повикале, зашто, кога би го правел тоа, би сметале дека секогаш имаме право на неговата наклонетост и на неговите благослови што ги излева на нас и, наместо да го испитуваме своето срце за да видиме дали негуваме некакво зло, дали се препуштаме на некој грев, ние би станале немарни и би пропуштиле да сфатиме дека зависиме од Него...

Во Христовите параболи, на стр.108. 109 читаме: „Тој нѐ повикува да бараме, неуморно да истраеме во молитвата. Истрајното барање придонесува молителот да стане посериозен и со зголемена желба да копнее по она што го бара... Но мнозина немаат доволно жива вера. Токму затоа и не гледаат повеќе докази за Божјата моќ. Нивната слабост е последица на нивното неверие. Тие имаат поголема вера во своите дела отколку во делата што ги прави Бог за нив, со што сами ја преземаат грижата за себе. Планираат и остварува-

ат, но малку се молат и имаат малку вистинска доверба во Бога. Мислат дека имаат вера, но тоа е само моментна побуда. Не успевајќи да ги сфатат своите потреби или Божјата подготвеност истите да им ги задоволи, тие не се истрајни при изнесувањето на своите барања пред Бога. Нашите молитви треба да бидат исто толку сериозни и истрајни како и молбата на пријателот во неволја кој на полноќ дошол да бара леб. Колку посериозно и поупорно бараме, сѐ поцврста ќе биде нашата духовна заедница со Христа. Ќе примаме зголемени благослови затоа што и нашата вера се зголемила.“

*Сабота, 23 ноември 2024*

## МОЛИТВА И РАЗМИСЛУВАЊЕ

**„Ќе размислувам за Твоите повелби и ќе ги разгледувам Твоите заповеди“ (Псалм 119,15)**

На кој начин можам да го стекнам искуството на Давид? Што значи да размислуваме за Божјите заповеди? Од каква важност е размислувањето за Бога, Неговиот закон, Неговите патишта и спасението кое го добиваме во Него?

**1. Ние треба да слушаме**

„Вистинското значење на Божјата Реч може да го разбереме единствено со силата на Светиот Дух преку кого сме го примиле Светото Писмо. За да го стекнеме ваквото знаење, ние мора да живееме според него. Ние треба да послушаме сѐ што ни вели Божјата Реч. Исто така, треба да ги прифатиме сите ветувања кои ни се дадени во Библијата“ (*Воспитување,* стр. 189).

**2. Библијата ќе ја разбереме преку молитва**

„Библијата никогаш не смее да се проучува без молитва. Само Светиот Дух може да ни помогне да ја сфатиме важноста на оние работи што лесно можат да се разберат и да нѐ сочува од извртување на оние точки на вистината што тешко се сфаќаат. Службата на небесните ангели се состои во тоа да ги подготват нашите срца

за да ја разбереме Божјата реч, да бидеме одушевени со нејзината убавина, предупредени со советите и охрабрени и засилени со ветувањата што се наоѓаат во неа“ (Г*олемата борба*, стр. 592)

**3. Единствена цел во проучувањето на Библијата**

„Разбирањето на библиските вистини не зависи толку од интелектуалната моќ на оној што проучува колку од искрените намери и од сериозната желба за праведност“ (*Големата борба*, стр. 592).

**4. Да размислуваме за Христовата љубов**

„Умот ќе се развива ако го ангажираме со истражување на меѓусебната поврзаност на библиските теми, со споредување на едно Писмо со друго Писмо, една духовна вистина со друга духовна вистина. Ништо не го засилува умот во толкава мера како проучувањето на Писмото. Ниедна друга книга нема толкава сила да ги издигне мислите, да ги оживее способностите, како Библијата со своите длабоки вистини што облагородуваат. Кога Божјата реч би ја проучувале онака како што би требало, луѓето би се одликувале со широчина на умот, со благородност на карактерот, со цврстина на намерите, какви што денеска ретко се среќаваат“ (*Патот кон Христа*, стр. 88.89).

**5. Да размислуваме за совршенството на Спасителот**

„Додека размислуваме за совршенството на Спасителот, ние ќе посакаме наполно да се преобразиме, во нас да се обнови неговиот безгрешен лик. Нашата душа ќе биде гладна и жедна да стане слична на Оној што го обожава. Колку повеќе нашите мисли се занимаваат со Христа, сè повеќе ќе им зборуваме за Него на другите и поцелосно ќе му го претставуваме на светот“ (*Патот кон Христа*, стр.88)

*Сабота, 30 ноември 2024*

## МОЛИТВА И ТРУДОЉУБИВОСТ

**„Имено, слушаме дека некои меѓу вас живеат неуредно, ништо не работат, туку се занимаваат со празни работи. На таквите**

**им заповедаме и ги опоменуваме во Господа Исуса Христа да работат мирно и да го јадат својот леб“ (2. Солуњаните 3,11.12).**

На кој начин со својата трудољубивост и работа можеш да им посведочиш на луѓето дека постои подобар живот? Како религијата и работата складно се поврзуваат во животот на Божјите деца? Дали трудољубивоста во работата е проклетство или предимство кое донесува благослови?

**1. Сведоштвото на побожниот живот**

„Карактерот е сила. Тивкото сведочење на верниот, несебичен, побожен живот, шири речиси непреодоливо влијание. Кога го откриваме со нашиот живот карактерот на Исуса Христа, ние соработуваме со него при спасувањето на душите. Значи, ние соработуваме со него единствено ако со нашиот живот го покажуваме неговиот карактер. И колку е пошироко подрачјето на нашето влијание, можеме да правиме сè повеќе добра. Кога сите што тврдат дека му служат на Бога би го следеле Христовиот пример, применувајќи ги начелата на законот во својот секојдневен живот, и кога секое нивно дело би сведочело дека го љубат Бога повеќе од сè и своите ближни како самите себе, тогаш црквата би имала сила светот да го стави во движење“ (*Христовите параболи,* стр.283)

**2. Доказ кој никој не може да го побие**

„Да запомниме дека животот сличен на Христовиот е најсилен доказ кој може да се даде во прилог на христијанството, додека слабиот карактер може да направи поголема штета за Божјите работи, отколку карактерот на светските луѓе. Сите напишани книги не може да имаат посилно влијание од светиот живот“ (*Од ризниците на сведоштвата,* стр. 272).

**3. Комплетната трудољубивост претставува сведоштво за вистината**

„Духот на несебична работа за ближните му дава длабина, стабилност и Христова убавина на карактерот, а на оној што го има му донесува мир и среќа. Стремежите стануваат повозвишени. Нема повеќе место за тромост или себичност. Оние што на ваков начин ги развиваат христијанските квалитети, ќе растат и ќе се заси-

луваат во работата за Бога. Ќе бидат способни за јасно духовно забележување, ќе имаат постојана и сè поголема вера, ќе бидат сè посилни во молитвата. Божјиот Дух, делувајќи врз нивниот дух, предизвикува во душата света хармонија како одговор на божествениот допир. Оние што на таков начин со несебичен напор ќе се посветат за добро на другите, го градат своето сопствено спасение на најсигурен начин“ (*Патот кон Христа,* стр.79)

**4. Кој дава, тој и ќе прима благослови од другите**

„Напорите да им бидеме на благослов на другите и нам ќе ни донесат благослов. Токму затоа Бог и ни дал можност да учествуваме во планот на спасението. Тој на луѓето им осигурил предимство да добијат дел во божествената природа и од своја страна да ги шират благословите врз своите ближни. Тоа е највозвишена чест, најголема радост што можел Бог да им ја даде на луѓето. Оние што на овој начин стануваат учесници во делото на љубовта, доаѓаат во најголема близина на својот Творец“ (*Патот кон Христа,* стр.77.78)

**5. Нашето влијание врз другите и влијанието на другите врз нас**

„Срцата на луѓето ги поврзува таинствена врска, така што чувствата, вкусовите и начелата на пријателите стануваат едно. Едниот се вдахнува од мислите на другиот, при што се угледува на него според неговото однесување. Како што восокот го задржува отисокот на печатот, така и нашиот ум ги задржува влијанијата на нашето дружење со пријателите. Ова влијание може да биде несвесно, но не и помалку важно... Вистинскиот христијански живот е сила за добро“ (*Сведоштва за црквата*, стр.414).

*Сабота, 7 декември 2024*

## ВЛИЈАНИЕТО НА ХРИСТИЈАНСКИОТ ДОМ

**„И пак им рече Исус, велејќи: „Јас сум Светлината на светот; кој врви по Мене нема да оди во темнина, а ќе ја има светлината во животот“ (Јован 8,12).**

Дали во нашиот дом ја има Христовата светлина? Дали во нашето опкружување нашиот дом ја шири таа светлина?

**Домот е центар на сите активности.** - Општеството е составено од семејства и тоа е такво какво што го прави главата на семејството. Бидејќи од срцето „излегува животот“ домот е срцето на општеството, на црквата и народот. Од влијанието на домот зависи и доброто на општеството, напредокот на црквата и благосостојбата на народот.

Посветлата или потемна иднина на општеството ќе зависи од држењето и моралот на младите кои се развиваат околу нас. Од воспитанието кое го добиваат во младоста, од развојот на нивниот карактер во детството – добрите навики, самоконтролата, воздржувањето, ќе зависи и нивното влијание во општеството...

**Најубава претслика за небото.** - Домот мора да биде сето она што овие зборови го прикажуваат. Тој треба да биде малечко небо на Земјата, место во кое се негува љубовта, наместо намерно да се задушува. Нашата среќа зависи од негувањето на таа љубов, разбирањето и вистинската љубезност еден кон друг.

Најубава претслика на небото е домот во кој владее Господовиот Дух. Кога е исполнета Божјата волја, сопружниците меѓусебно ќе се почитуваат и ќе ги негуваат љубовта и довербата.

**Значењето на семејната атмосфера.** – Атмосферата која владее со душите на татковците и мајките ја исполнува целата куќа и се чувствува насекаде во домот. Родителите во голема мера ја изградуваат атмосферата во семејниот круг, и ако дојде до несогласување помеѓу таткото и мајката и децата ќе го примат истиот дух. Настојувајте атмосферата во вашиот дом да се исполни со нежна внимателност. Ако сте се отуѓиле еден од друг и не сте христијани кои живеат според Библијата, вратете се кај Бога. Вашиот карактер кој се обликува во времето на проба, ќе биде карактер кој ќе остане за Христовото доаѓање. Ако сакате да бидете свети на небото, морате прво да бидете свети на Земјата. Особините на карактерот кои ги развивате во животот нема да се променат ниту со смртта ниту со воскресението. Исус нема тогаш да го промени вашиот карактер.

Делото на преобразба мораме да го доживееме уште денес. Нашиот секојдневен живот ја одредува нашата вечна судбина.

**Изградувајте чиста атмосфера.** - Секој христијански дом треба да има правила и родителите со свои зборови и меѓусебен однос треба да им дадат на своите деца скапоцен, жив пример од она, што сакаат тие да станат. Постојано употребувајте пристојни зборови и применувајте ја вистинската христијанска учтивост. Учете ги децата и младите да се почитуваат себеси, да бидат верни на Бога, верни на начелата. Учете ги да го слушаат и почитуваат Божјиот закон. Овие начела ќе управуваат со нивниот живот, а со дружењето ќе се пренесат и на другите. Така тие ќе изградат чиста атмосфера, чие влијание ќе ги охрабри послабите души на патот кон светоста и небото. Секоја поука нека го подига и облагородува карактерот, а затоа, пак, извештаите во небесните книги ќе бидат такви што нема да се засрамите на судот.

Децата кои ги примаат овие упатства ќе бидат подготвени да прифатат одговорни места, и затоа со зборови и со пример постојано ќе им помагаат на другите да го прават она што е добро... Бог сака нашето семејство да биде претстава за небесното семејство. Родителите и децата треба ова постојано да го имаат на ум, однесувајќи се како членови на Божјето семејство. Тогаш со својот живот ќе му покажат на светот што можат да станат семејствата кои го сакаат Бога и кои ги држат Неговите заповеди. Со тоа Христос ќе се прослави; Неговиот мир, милост и љубов ќе се разлеваат низ семејната средина како скапоцен мирис. (*Темели на среќниот дом,* стр.8-10).

*Сабота, 14 декември 2024*

## ХРИСТОВАТА ПРИСУТНОСТ ВО ДОМОТ

**„Радувајте се во надежта; во маката бидете трпеливи, а во молитвата постојани; помагајте им на светиите во нивните потреби... Радувајте се со оние што се радуваат... размислувајте за тоа што е добро пред сите луѓе“ (Римјаните 12,12-21). „Радувајте се секогаш во Господа, и пак ќе речам: радувајте се!“ (Филипјаните 4,4).**

**Домот нека биде весел и среќен.** - Весел и среќен дом, за себе и за своите деца, ќе изградите со тоа што ќе ги негувате доблестите на Спасителот. Ако го воведете Христос во својот дом, ќе можете да го разликувате доброто од злото. Тогаш ќе бидете во состојба да им помогнете на своите деца да станат дрво на правдата кое дава плодови од Светиот Дух.

Неволјите може да надојдат, но тие се судбина на човештвото. Трпеливоста, благодарноста и љубовта нека ја сочуваат сончевата светлина во срцето, иако денот може да биде и облачен.

Домот може да биде едноставен, но тој секогаш може да биде место на кое се слушаат радосни зборови и се исполнуваат делата на љубовта, каде што учтивоста и љубовта се постојани гости.

Спроведете правила во домот мудро и со љубов, а не со железна палка. Децата со доброволна послушност ќе одговорат на законот на љубовта. Пофалете ги своите деца секогаш кога можете. Настојувајте да им го направите животот што посреќен... Облагородете им ги основите на срцето, изразувајќи им љубов и сочувство, подготвувајќи ги за семето на вистината. Имајте на ум дека Господ не ѝ дава на Земјата само облаци и дожд, туку и прекрасни сончеви зраци, кои прават семето да расте и цвета. Имајте на ум дека на децата им се потребни не само опомени и укори, туку и охрабрувања и пофалби, пријатна топлина на вашите љубезни зборови.

Не дозволувајте во вашиот дом да дојде до расправија. „А премудроста која доаѓа од горе, таа најнапред е чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, без хирови и

нелицемерна. А плодот на правдата во мир им сее на оние кои го прават мирот". Нежноста и мирот се потребни во нашите домови.

**Негувајте ги врските во домот со нежност.** - Од сите врски на Земјата семејната врска е најтесна, најнежна и најсвета. Таа е одредена да биде благослов на човештвото. Таа е благослов секаде каде што во брак се влегува разумно, во Божји страв и со трезвено прифаќање на одговорностите...

**Христовата присутност во домот.** - Домот кој е украсен со љубов, сочувство и нежност е место кое ангелите со радост го посетуваат и на кое се слави Бог. Влијанието на грижливо сочуван христијански дом во годините на детството и на младоста, е најсигурна заштита од световната расипаност. Во атмосферата на таквиот дом децата ќе научат да ги сакаат своите родители и својот небесен Татко...

Секое христијанско семејство треба да ја претставува светата сила и убавина на христијанското влијание... Родителите треба да бидат свесни за своите обврски да го сочуваат својот дом од секоја дамка на моралното зло.

Божјата светост треба да проникне во домот... Родителите и децата треба да научат да соработуваат со Бога. Своите навики и постапки треба да ги усогласат со Божјите планови.

Семејните односи со своето влијание треба да осветуваат. Христијанските домови кои се основани и водени во согласност со Божјиот план, се силна помош во обликувањето на христијанскиот карактер... Родителите и децата треба да се соединат во слога и љубов со Оној кој единствено може да ја сочува човечката љубов чиста и благородна.

Најважна работа која треба да се изврши во христијанскиот дом е настојувањето Христовиот Дух да се всели во него, за секој негов член да може да биде подготвен да го земе својот крст и да појде по Исус. (*Темели на среќниот дом*).

*Сабота, 19 декември 2024*

## ВЕРАТА ВО ДОМОТ

**„Еве ме мене и децата коишто Бог ми ги даде“ (Исаија 8,18).**

**Заеднички негувајте ја верата во домот.** - Таткото и мајката се одговорни за чувањето на верата во домот.

Мајката не треба себеси да се оптоварува со големи грижи и поради тоа да не ѝ остане време за духовните потреби на нејзиното семејство. Родителите треба да бараат помош од Бога за својата работа. На колена пред Него тие најдобро ќе ги сфатат своите големи одговорности и тука своите деца можат да ги предадат на Оној кој никогаш не греши во советите и упатствата...

Таткото во семејството не смее да ѝ ја препушти на мајката сета грижа околу духовното воспитание. На татковците и мајките им е доверена голема работа, секој од нив да го исполни својот дел во подготовка на децата за испитот на големиот суд.

Родители, воведете ги децата во својот верски живот. Прегрнете ги со рацете на својата вера и посветете ги на Христа. Не дозволувајте ништо да ве одврати од вашите обврски правилно да ги воспитате. Не дозволувајте никаква земна работа да ве наведе да ги заборавите. Никогаш не дозволувајте вашиот христијански живот да ги одвои од вас. Пристапете заедно пред Господа; запознајте ги со божествената вистина. Помогнете им да се дружат со оние кои го сакаат Бог. Доведете ги помеѓу Божјиот народ како деца на кои сакате да им помогнете да го изградат карактерот за вечноста.

Религијата во домот – што сѐ таа може да постигне? Таа ќе го изврши делото кое Бог сака да го изврши во секое семејство. Децата ќе бидат воспитани во Господовата наука. Нивното воспитание ќе им помогне да станат членови на Господовото семејство.

**Децата и родителскиот пример.** – Сѐ остава трага на умот на младите. Тие внимателно го набљудуваат изгледот на лицето, го наслушнуваат гласот и буквално го имитираат однесувањето на воз-

расните. Раздразливите и лоши татковци и мајки им даваат поуки на своите деца кои подоцна, кога би можеле, со задоволство би ги поништиле. Во животот на своите родители децата мораат да ја видат доследноста, која е во согласност со нивната вера. Со доследен живот и самосовладување, родителите можат да го обликуваат карактерот на своите деца.

**Бог го цени побожното семејство.** - Татковците и мајките во чиј дом Бог е на прво место, кои ги учат своите деца дека стравот Господов е почеток на мудроста, Го прославуваат Бога пред ангелите и пред луѓето прикажувајќи му го на светот добро изградeното, дисциплинирано семејство, семејство кое го сака и го слуша Бога, наместо да се бунтува против Него. Христос не е странец во нивните домови; Неговото име е блиско, почитувано и прославувано. Ангелите се радуваат во домот во кој владее Бог и во кој децата се учат да ја почитуваат верата, Библијата и својот Создател. Таквите семејства можат да се потпрат на ветувањето: „Ќе ги почитувам оние кои Мене ме почитуваат".

**Како Христос влегува во домот.** - Кога е во срцето, Христос влегува во семејството. Таткото и мајката чувствуваат потреба да живеат живот исполнет со послушност кон Светиот Дух, така што небесните ангели, кои им служат на наследниците за спасение, би им послужиле и на нив како учители во домот, учејќи ги и одгледувајќи ги за делото на поучување на своите деца. Така во домот е лесно да се има мала црква која го почитува и прославува Откупителот.

*Сабота, 28 декември 2024*

## ХРИСТОС ГИ ДАВА НЕОПХОДНИТЕ ДОБЛЕСТИ

Елена Вајт

**„Дај синовите наши да се како нови насади во младоста своја, нашите ќерки - накитени и украсени како столбови во храмот“ (Псалам 144,12).**

Прва и најитна должност на мајката кон својот Создател е децата што Тој ѝ ги дал, да ги обучи за Него... Колку внимателно, тогаш, треба да биде нејзиното изразување и нејзиното однесување во присутноста на тие мали ученици...

Мајки, станете свесни за фактот дека вашиот пример и вашето влијание се одразуваат и влијааат на карактерот и иднината на вашите деца; и затоа, имајќи ја предвид својата одговорност, развијте добро урамнотежен ум и непорочен карактер, ширете го околу себе само она што е вистинито, добро и убаво.

Вашиот сочувствителен Откупител ве посматра со љубов и сочувство, подготвен да ги слушне вашите молитви и да ви ја даде помошта што ви е неопходна. Тој го знае бремето на секое мајчино срце и Тој е нејзин најдобар пријател во секоја неволја. Неговите вечни раце ги поддржуваат богобојазните, верни мајки. Додека бил на земјата, имал мајка која се борела со сиромаштијата, со многу стравови и грижи, и затоа сочувствува со секоја христијанска мајка во нејзините неволји и маки. Истиот Спасител кој тргнал на долг пат за да ги ублажи стравовите на жената чија ќерка била опседната со нечист дух, ќе ги слушне и молитвите на секоја мајка и ќе ги благослови нејзините деца.

Оној што на вдовицата ѝ го вратил нејзиниот син единец, кого го носеле да го погребаат, и денес е трогнат со болката на ожалостените мајки. Оној што со сочувство плачел над гробот на Лазар и им го вратил на Марија и Марта погребаниот брат, кој ѝ простил на Марија, кој се сетил на својата мајка додека во агонија висел на кр-

стот, кој им се јавил на расплаканите жени и ги задолжил како негови гласници да ја објават првата радосна вест за воскреснатиот Спасител - Тој и денес е најдобриот пријател на жената подготвен да ѝ помогне во сите нејзини животни околности.

Нашиот Спасител, кој ги разбира борбите на нашето срце, кој ги знае слабостите на нашата природа, сочувствува со нашите недостатоци, ни ги проштава нашите грешки и ни ги дава благословите по кои искрено копнееме. Радоста, мирот, трпението, нежноста, верата, добродетелеството претставуваат елементи на христијанскиот карактер. Тие драгоцени доблести се плодовите на Светиот Дух и круна и штит на христијаните. Домот во кој овие особини владеат, полн е со синови кои како „билки весело растат во младоста и со ќерки кои се како „столбови прекрасно изградени во дворот". Тие небесни достигнувања не зависат од околностите, ниту од несовршеното расудување и волјата на човекот. Ништо не може да даде посовршено задоволство ниту поголема радост од обликувањето на христијанскиот карактер; највозвишените амбиции не можат себеси да си поставaт некоја повисока цел. (*Знаци на времето*, 9 септември 1886).

**Градиво за саботна школа**
За подобра саботна школа
4/2024

Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

За интерна употреба